45 години
вечер
...прв дознава.

23.06.2007.
SKOPJE

ФРАНЦУЗИ, ВЕЧЕРВА, ВО ДОМОТ НА АРМ

# Многу музика и смеа во "Дуел"

Музичарите, за кои Скопје е дестинација од нивната балканска турнеја, велат дека целта на "Дуел" е да ја насмеат публиката, да ја опуштат и разведрат




Повеќе од еден час виртуозна изведба на дела од класичната музика, познати мелодии од Лу Рид, Битлси и многу други дела од џез и рок-изведувачи, не' очекува вечерва (21 ч.) во салата на Домот н АРМ. Гостите од Франција, Лоран Сирад на виолончело и Пол Стајку на пијано, публиката ќе ја забавуваат и ќе ја релаксираат со хумористичната претстава "Дуел".

Музичарите, за кои Скопје е дестинација од нивната балканска турнеја, велат дека целта на "Дуел" е да ја насмеат публиката, да ја опуштат и разведрат.

Во Скопје пристигнаа благодарение на Францускиот културен центар, а пред настапот во Домот на АРМ, со нас ги споделија впечатоците од нивниот последен настап во Приштина и причината за тоа која е моќта на "Дуел", што само за последните шест години е изведена над 700 пати во сите краеви во светот.

- "Дуел" е визуелна и музичка претстава без говор, во која се спротиставуваат двајца музичари. Делото зрачи со позитивна енергија. Ги прави луѓето посреќни. Публиката секаде исто реагира низ целиот свет - позитивно. Затоа, и толку пати е изведувана. Кога ќе видите толку позитивна енергија во публиката, ништо не е заморно, вели Романецот Пол Стајку, кој вели дека јазикот на оваа претстава е музиката.

Лоран Сирад, кој објаснува дека делото е во режија на познатата Ањес Бури, смета дека овој настан не внесува во светот на музиката, каде задоволството и смеата имаат значајно место.

Сиран и Стајку се едуцирани музичари. Сиран вели дека под елегантниот костим на музичар, во него се крие еден авантуристички дух. Дванаесет години е член на познатиот "Кватуор", а во 1994 и во 1998 година ја добива наградата Молиерес за најдобар музички настап и во 1998 година наградата Музичка победа. Пијанистот Стајку, Романец по потекло, за себе вели дека се изразува, пред се, преку неговиот вистински мајчин јазик, пијаното. Тој компонира и електронска музика, а основач е на џез класата во Високата музичка школа во Париз.

Заедно подготвуваат нов проект, чијашто цел ќе биде повторно насмеани лица во публиката. По Скопје заминуваат на познат фестивал во Вињон, Франција, потоа во Флорида, а во септември ќе настапуваат во Мексико.

**Амбасадорски обраќања**
Пред почетокот на изведбата на "Дуел" во салата на Домот на АРМ ќе се обратат министерот за култура, Арифкиет Џемаили, амбасадорот на Франција Бернар Валеро, како и романскиот амбасадор во Македонија, Андријан Стефан Константинеску.



***Анита ЈОВАНОСКА***
***Фото: А. ИВАНОВСКИ***